Република Северна Македонија

Инспекциски совет

Арх. број: 07-948/3

Датум: 04. 10. 2023

До
[redacted]

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска (Ваш број):

Почитуван г-дин [redacted],

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер и истото е прифатено со Решение за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, наш бр. 03-948/2 од 04.10.2023 година, чиј прилог е и овој Одговор.

Имено, Вие барате да Ви се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted], следната информација:

1. Број на инспектори кои работат на локално ниво (назначени од локалните самоуправи)
2. Број на предвидени инспекциски работни места на локалните самоуправи
3. Број на непополнети инспекциски работни места на локалните самоуправи

Со оглед на побараното од Ваша страна, во прилог Ви доставуваме одговор на првото прашање - Број на инспектори кои работат на локално ниво (назначени од локалните самоуправи)., а додека во однос на останатите две прашања, број на предвидени инспекциски работни места на локалните самоуправи и број на непополнети инспекциски работни места на локалните самоуправи, Ве известуваме дека Инспекцискиот совет не располага со овие информации.

Во однос на првото прашање, согласно РЕГ–5-РЛИ-Регистар на лиценци на инспектори и дополнителната евиденција на Инспекцискиот совет, Ве известуваме дека бројот на инспектори кои работат на локално ниво е 331 (триста триесет и еден) инспектор.

Инспекцискиот совет и понатаму Ви стои на располагање за сите останати информации од јавен карактер со коишто располага и коишто ги создал во текот на своето работење.

Искрено,
м-р Сашо Мержаноски,
Генерален секретар на Инспекциски совет

Подготвил: Андријана Алексова, помлад соработник

Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор